# „Навистина (некои форми на) рукјата, амајлиите и тивелите се дела на ширк.“

Од Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, се пренесува: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Навистина (некои форми на) рукјата, амајлиите и тивелите се дела на ширк.“
[صحيح] [رواه أبو داود وابن ماجه وأحمد]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни кажува во овој хадис за работи кои, ако ги направиме претставуваат идолопоклонство, а тие се: Прво - Рукјата: тоа е лечење со рецитирање на формули, кое го правеа многубошците, а кое во себе содржи ерес/ширк. Второ: Амајиите од монистри или нешто друго, кои се ставаат кај децата или добитокот или на друг начин, за да се одбие урок од истите. Трето: „Тивеле - чин кој има за цел да го зближи брачните партнери еден кон друг.“ Овие работи се многубоштво: бидејќи ги сметаме за причина, а тие според исламското законодавство не се причина базирана на верски аргумент, ниту се физичка причина чие дејствување е потврдено со искуството. Што се однесува до причините потврдени со исламското законодавство како што е рецитирањето на Куранот, или физичките причини како што се лековите кои се базирани врз искуството, таквите работи се дозволени со назнака дека тие се причинителите, а лекот и болеста, во основа, се Аллаховите раце.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5273